Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

12 **Јануари, 2024**

**Арх.Бр. 67-30/12**

**Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08), Министерот на Министерство за транспорт и врски организира**

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО**
**Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW во КО Неокази и КО Ратавица, Општина Пробиштип**

**Се известуваат граѓаните, правните и физички лица дека се организира Јавна презентација и расправа за Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW во КО Неокази и КО Ратавица, Општина Пробиштип .**

**Јавната презентација и расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 23.01.2024 година (вторник) во 11:00 часот, во просториите на општина Пробиштип.**

**Известувањето од Министерство за животна средина и просторно планирање број УП1-15 2417/2023 од 20.11.2023 како и Решението за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животна средина од Министерство за животна средина и просторно планирање број УП1-15 2417/2023 од 20.11.2023 за предметниот Урбанистички план за градби и подрачја од државно значење е објавен и може да се погледне на следниот линк: http://mtc.gov.mk/Sozzs/3-16 .**

**Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е-1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW во КО Неокази и КО Ратавица, Општина Пробиштип, беше објавен на 19.12.2023 година на web страната на Министерството за транспорт и врски ( http://mtc.gov.mk/Sozzs/3-16 ) и може да се погледне на истиот линк.**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

**Министерството за транспорт и врски ја информира заинтересираната јавност дека до 05.02.2024 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт и врски, ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, или на електронските адреси на Министерството за транспорт и врски: aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk, vesna.markovska@mtc.gov.mk и aleksandra.jovikj@mtc.gov.mk.**

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

**Изработил:** **Александар Карангелов, диа**

**Проверил:** **Илина Лалков, диа**
**Помошник раководител на сектор за уредување на просторот**